арх. бр. 23-1025

1. **Ве молиме да ни доставите електронска копија од усвоениот буџет на општината за 2021 година и образложение со предвидени активности.**

2. **Ве молиме да не информирате, дали во новиот усвоен буџет за 2021-година имате посебно издвоен буџет за Роми?**

   Доколку е издвоен буџет, колку изнесува и какви активности ќе бидат имплементирани со предвидениот буџет?

3. **Ве молиме да не информирате, дали во новиот усвоен буџет за 2021-година се инкорпорирани предлозите доставени од граѓанската иницијатива „Аваја“?**

   Предлози на „АВАЈА“:

*1. Поставување на водоводна мрежа на улица Димката Габерот со буџет од 2.000.000,00 денари.*
*2. Поставување на канализациона мрежа во населбата Ваташа со буџет од 2.500.000,00денари.*

416-130 Факс 043/416-130

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 23-1025/1 од 15.02.2021 година, Во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци:

1. Усвоениот Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година од страна на Советот на општина Кавадарци, по категорија, ставки и потставки е објавен во Службен гласник бр. 66 од 18.12.2020 година, кој е објавен на веб страницата на општина Кавадарци и е достапен преку следниот линк https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/SLUZBEN-GLASNIK-66.pdf

2. Во буџет на општина Кавадарци за 2021 година нема посебно издвоен буџет за Роми и не постои издвојувања на буџетот со таква категоризација.

3. Во буџетот на општина Кавадарци се обезбедени парични средства за реконструкција на водоводна линија, одвојување на атмосферска од фекална канализација со комплетно асфалтирање на ул. "Клинска" и дел од ул. "Методија Џунов Џикот", проект кој е во фаза на реализација.

Со почит,

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кавадаци успешно го имплементира под-проектот "Реконструкција на коловоз на улици и булевари во општина Кавадарци" MSIP-NCB-004-18 од Вториот проект за подобрување на општинските услуги. По спроведената тендерска постапка за овој под-проект беше склучен договор на износ од 50.767.886 денари, со што општина Кавадарци се стекна со правото да го искористи грантот за социјална вклученост во висина до максимум 27% од вкупната сума на договорот или 13.707.329 денари.

Висината на финансиските средства за реализација на проектот согласно предмер пресметките изнесува 15.992.005,04 денари со вклучен ддв. Финансиските средства од грантот изнесуваат 13.707.329 денари, останатите средства во висина од 2.284.676,04 денари, ќе се кофинансираат од буџетот на општина Кавадарци. Финансиските средства од грантот се планирани да се наменат за реализација на проектот ,,**Реконструкција на водоводната линија, одвојување на астмосферска од фекална канализација со комплет асфалтирање на ул.Клинска и дел од ул.Методија Џунов Џико**т". Проектот опфаќа реконструкција на постоечките водоводни линии на главната ул.Клинска со вкупна должина од 416,35 метри, реконструкција на атмосферската канализација во должина од 697,35 метри, реконструкција на фекална канализација во должина од 503 метри метри, како и асфалтирање на улица Клинска и дел од ул.Методија Џунов Џикот со вкупна површина од 4205м$^{2}$.